Известување за концентрација со која „Телеком Србија” акционерско друштво Белград, Република Србија ќе стекне контрола врз ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ АЛТЕКО ДОО ПЕТРОВАЦ

(Предмет бр. 08-160 од 2025)

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 14.11.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која „Телеком Србија” акционерско друштво Белград, со регистрирано седиште на улица „Таковска” број 2, Белград, Република Србија, ќе стекне непосредна поединечна контрола врз ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ АЛТЕКО ДОО ПЕТРОВАЦ, со седиште 8 Октобар 22, 12300 Петровац на Млави („Целно друштво”).

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

Телеком Србија АД е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за кабелски телекомуникации, и меѓу другото обезбедува услуги за фиксна и мобилна телефонија, интернет и мултимедијални услуги на територија на Република Србија.

ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ АЛТЕКО ДОО ПЕТРОВАЦ е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, во моментот на поднесување на Известувањето, регистриран за обезбедување пристап до интернет и интернет услуги, дистрибуција на медиумска содржина.

ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ АЛТЕКО ДОО ПЕТРОВАЦ нема поврзани правни лица на територија на Република Северна Македонија, ниту пак има остварено приходи на таа територија.

Поврзано лице на Телеком Србија АД на територијата на Република Северна Македонија е Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје, чие седиште е регистрирано на улица „Максим Горки” 11/1-3, Скопје, Центар, во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност жичани комуникации, односно за давање на следните услуги: јавна радио-комуникациска мрежа, широкопојасен пристап на интернет, меѓуоператорски услуги, сателит итн.

Поврзано лице на МТЕЛ ДООЕЛ Скопје е Друштвото за телекомуникации МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје. Друштвото за телекомуникации МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје работи на пазарот за обезбедување на мобилни електронски комуникациски услуги (припејд услуга) и не им нуди на своите крајни корисници постпејд мобилна услуга. Друштвото за

телекомуникации МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје е мобилен виртуелен мрежен оператор (МВМО) на македонскиот пазар за електронски комуникации и обезбедува национални, меѓународни и роаминг говорни, СМС и интернет услуги.

Исто така, поврзано лице на Телеком Србија АД на територијата на Република Северна Македонија е Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, со седиште на Булевар Партизански Одреди бр. 17, 1-001/Скопје-Центар, во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност сателитски телекомуникации.

За целите на оценка на оваа концентрација подносителот на известувањето предлага како релевантен пазар да се дефинира пазарот за давање услуги на фиксен широкопојасен пристап на интернет и пазар за давање услуги дистрибуција на медиумска содржина.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

20.11.2025 година
Скопје